УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ТРУДОВИТЕ

# НАСЛОВ НА ТРУДОТ (**големи букви, Times New Roman, 14 pt., центрирано, bold**)


**Име и презиме на авторите (центрирано, bold, Times New Roman 11 pt)**

*Институција на авторите (центрирано,Times New Roman, italic,11pt.)*



**Апстракт -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.



**Клучни зборови** – максимум до 5 збора, 11 points, Times New Roman, единечен проред


## Вовед

Текстот на трудот може да се пишува директно на овој документ кој е направен како ***подлога-урнек*** за пишување на трудот. Целиот текст на трудот треба да биде подготвен во *camera-ready* формат, во една колона, (justified, Times New Roman 11 pt на А4 формат. Маргините треба да се: горна и долна маргина – 5 цм, лева и десна маргина – 4 цм. Првиот ред на секој параграф со главни наслови или поднаслови делови од текстот, треба да биде 1 cm од левата маргина. Параграфите треба да бидат: justified, single spacing (0 pt за „после“ и „пред“).

Структурата на трудот треба да ги содржи следните делови: Вовед, Главен дел, Заклучок и Литература.

Трудот треба да презентира непубликувани истражувања, стручни искуства, резултати или информации според предложените тематски области. Трудот треба да содржи најмногу 5000 зборови.

## Главен дел

Текстот треба да се пишува со системскиот фонт *Times New Roman*.11 pt. За грчките букви во ознаките на големините се користи системскиот фонт *Symbol*.

*Поднаслови во текстот*

Сите поднаслови треба да се со големи/мали букви, 1 линија празна пред и по параграфот.

*Слики, равенки, табели*

Во трудовите во кои се користат слики, цртежи, фотографии, илустрации, графикони и шеми, истите треба да се нумерирани последователно, со арапски броеви, а насловот на сликата да е напишан под неа. Секоја слика или група слики се планираат на начин што овозможува прегледност. Сите слики и шеми треба да се со добар квалитет. Сликите во електронска форма се испраќаат како посебен JPG документ со минимална резолуција од 300 dpi. Сликите во боја се печатат како црно-бели. Треба да се остави по еден празен ред пред и по сликата. Да се користи опцијата “not flow over the text”.

(Празен ред)



Слика 1: Наслов на сликата (нумерирани од 1, bold, Times New Roman, 11-pt, центрирано)

(Празен ред)

Равенките треба да се нумерирани од 1, лево центрирани, со користење MS Equation, како што е прикажано на примерот

$$T = \frac{\sum_{i=1}^{K} b(i)}{K-1} + r^{\exp(x)} \qquad \text{(n)}$$

Табелите треба да се нумерирани од 1, Times New Roman, 11-рт, центрирано. Пред и по табелата треба има празен ред.

(Празен ред)

Табела 1. Наслов на табелата

| **Текст 1** | **Колона** | **Колона** |
|---|---|---|
| Физичка величина | должина | 999 |

(Празен ред)

Големината на буквите и бројките во табелите не треба да се помали од 10-pt.

**Заклучок**
Во овој дел се даваат сумарни заклучоци на авторот (авторите) за прикажаните истражувања, стручни активности или информации кои се содржани во трудот

**Литература**
Користената литература треба да е цитирана според Харвардскиот стил на цитирање, 11 points, Times New Roman. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фуснотите во текстот. Се наведуваат само библиографски податоци што се употребени во текстот. Се цитираат сите видови извори на информации – книги, научни списанија, интернет-страници, компјутерски софтвери, печатена или e-mail кореспонденција, па дури и вербална конверзација. Референтната листа секогаш започнува со презимето и иницијалот на авторот, датумот на објавување и насловот на изворот. Останатите потребни информации варираат во зависност од типот на изворот.

Подолу се дадени некои примери:

*книги:
Coetzee, J. M. (2000) Disgrace. London: Vintage.
*трудови од конференциски зборници:
Maceachen, D. B. (1950) 'Wilkie Collins and British law', Nineteenth-Century Fiction, 5(2), pp. 121–139.*
*трудови во магазин:
Butler, S. (2020) 'Women's fashion manufacturer to make reusable gowns for NHS', The Guardian, 28 April. Available at: https://www.theguardian.com/society/2020/apr/28/womens-fashion-manufacturer-to-make-reusable-gowns-for-nhs (Accessed: 29 April 2020).
*трудови од интернет:
Google (2019) Google terms of service. Available at: https://policies.google.com/terms?hl=en-US (Accessed: 29 April 2020).

**Прилози**

Под прилози се подразбираат цртежи, фотографии, дијаграми, табели и сл. чиишто димензии се од таков карактер и формат да не може да се вметнат во текстот на трудот. Прилозите се нумерираат почнувајќи од 1. За стилот на сликите и табелите важат упатствата како и во текстот изнесени погоре.